Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 27 февруари 2024 година

Скопје, февруари 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 27 февруари 2024 година**

Седницата започна во 18:10 часот.

На седницата претседаваше Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата присуствуваше м-р Бојан Маричиќ, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, и членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа Митко Бојмацалиев, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, проф. д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика Онур Али, заменик на министерот за култура и м-р Џабир Доко, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваше и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Талат Џафери, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Артан Груби, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Илир Демири, министер за здравство доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ѓоко Велковски, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Наим Бајрами, министер за информатичко општество и администрација.

*
*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект Митилинеос когенеративна постројка-Скопје, по скратена постапка

2. Предлог на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект-Соларна електрична централа Пехчево, по скратена постапка

3. Предлогот на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект AIM GREEN, по скратена постапка

4. Предлог на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект „Соларен парк Стипион“ и Договор за стратешки инвестиционен проект „Соларен парк Стипион“, по скратена постапка

5. Кадровски прашања

6. Прашања и предлози

*
*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### <u>Точка 1</u>

Владата го разгледа Предлогот на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект Митилинеос когенеративна постројка-Скопје, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи согласно укажувањата изнесени во расправата на седницата на Владата.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект Митилинеос когенеративна постројка-Скопје, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, а за повереници Елена Паговска Пелтековски, помошник-секретар за финансиски прашања во Секретаријатот за мониторинг и поддршка на институциите при реализација на програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија и на стратешки проекти во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Теодора Обрадовиќ Грначаровска, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

## <u>Точка 2</u>

Владата го разгледа Предлогот на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект-Соларна електрична централа Пехчево, по скратена постапка го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, а за повереници Елена Паговска Пелтековски, помошник-секретар за финансиски прашања во Секретаријатот за мониторинг и поддршка на институциите при реализација на програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија и на стратешки проекти во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Теодора Обрадовиќ Грначаровска, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

## <u>Точка 3</u>

Владата го разгледа Предлогот на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект AIM GREEN, по скратена постапка го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, а за повереници Елена Паговска Пелтековски, помошник-секретар за финансиски прашања во Секретаријатот за мониторинг и поддршка на институциите при реализација на програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија и на стратешки проекти во Канцеларијата на претседателот на

Владата на Република Северна Македонија и Теодора Обрадовиќ Грначаровска, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**<u>Точка 4</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект „Соларен парк Стипион“ и Договор за стратешки инвестиционен проект „Соларен парк Стипион“, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, а за повереници Елена Паговска Пелтековски, помошник-секретар за финансиски прашања во Секретаријатот за мониторинг и поддршка на институциите при реализација на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија и на стратешки проекти во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Теодора Обрадовиќ Грнчаровска, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**<u>Точка 5</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 6</u>**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*
*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18:20 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| **м-р Методија Димовски** | **Фатмир Битиќи** |